FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

PRESPA ПРЕСПА ИНСТИТУТ INSTITUTE

# ЕКОНОМСКИ И ИНВЕСТИЦИСКИ ПЛАН ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН

**Комуникација на Европската комисијата до Европскиот парламент, Советот, Европскиот економски и социјален комитет и до Комитетот на регионите**

**Брисел, 6 октомври 2020 година**

Западен Балкан е составен дел на Европа и претставува геостратешки приоритет за Европската Унија. Регионот се соочува со постојани предизвици од слабата конкурентност, висока невработеност и значителен одлив на мозоци. Овој економски и инвестициски план има за цел да го поттикне долгорочното закрепнување на регионот и да ја поддржи неговата зелена и дигитална транзиција.

Западен Балкан има клучна улога на рутата на глобалните текови на производите со кои се снабдува Европската Унија. Ваквата улога може само дополнително да се засили. Економскиот и инвестициски план за Западниот Балкан предлага мобилизирање на приближно 30 милијарди евра за периодот 2021-2027 година. Поголемиот дел од оваа поддршка би бил насочен кон клучни продуктивни инвестиции и одржлива инфраструктура, а ќе биде искористен и за натамошна хармонизација со европското законодавство и двојната дигитална и зелена трансформација.




ЕУ ќе работи заедно со Западниот Балкан за спроведување на Агендата на ООН за одржлив развој 2030 година и целите за одржлив развој, Парискиот климатски договор и меѓународно утврдените цели за биолошка разновидност. Притоа, Западниот Балкан ќе ја искористи дигиталната стратегија на ЕУ и нејзината определба за амбициозно дејствување на глобално ниво, како водечки принцип за дигитална трансформација на економијата и општеството.

## ЗА ЕКОНОМСКИОТ И ИНВЕСТИЦИСКИ ПЛАН НИЗ 10 ФАКТИ:

1. Зајакнувањето на инвестициите и економскиот раст е можно само доколку Западен Балкан цврсто се заложи и спроведе темелни реформи во согласност со европските вредности. Владеењето на правото е клучен аспект на демократската трансформација и клучен репер според кој ЕУ го оценува напредокот кон членството.

2. Инвестицискиот пакет ќе биде клучен двигател во регионот, а ќе биде поддржан од страна на Европската инвестициска банка (ЕИБ), Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) и други меѓународни финансиски институции, развојни финансиски институции на државите-членки, владите на државите од Западен Балкан, но и приватни инвеститори, вклучително и странски директни инвестиции, како и интегрирање на пазарите.

3. Економскиот и инвестициски план е пакет на инфраструктурни проекти предвидени за финансирање во 2021-2022 година. Проектите ќе значат отклучување на значителни инвестиции што ќе овозможи, нови, зрели предлози за проекти, особено во областите на дигитална, транспортна, енергетска транзиција и животна средина за наредниот период до 2024 година.

4. Распоредувањето на инвестицискиот пакет ќе се врши преку Инвестициската рамка за Западен Балкан (*Western Balkans Investment Framework*), а ќе ги вклучува и Механизмот за развој на претпријатијата и иновации од Западен Балкан, Гарантниот фонд за Западен Балкан (*Western Balkans Enterprise Development and Innovation Facility*) и Гарантниот механизам за Западен Балкан (*Western Balkans Guarantee Facility*), како и другите партнери, билатералните донатори и меѓународните финансиски институции.

5. Брзите и ефикасни транспортни врски, како во регионот, така и со државите членки од соседството, како и одржливиот транспорт со натамошни инвестиции во железницата и во внатрешните водни патишта се клучни за натамошниот развој. Оттаму, приоритет ќе бидат поврзувањето на главните градови во регионот и со ЕУ, како и промоција на мултимодални транспортни решенија и промена на транспортните решенија за намалување на загадувањето.

**6.** Декарбонизацијата е клучен столб на Економскиот и инвестициски план, а во согласност со целите на Европскиот зелен договор. Транзицијата од јаглен кон одржлива и чиста енергија е клучна и поради потребата од намалување на емисиите и справувањето со загадувањето на воздухот. Оттаму, приоритет ќе биде зголемената употреба на обновливи извори на енергија, како и еколошки инвестиции во хидро, соларни, ветерни и геотермални извори на енергија.

**7.** Дигитализацијата претставува можност за економијата и општеството. Со дигитални решенија се придонесува за одржлива, климатски неутрална и економија која е ефикасна за ресурсите и гарантира подобро владеење и јавни услуги за граѓаните. Економскиот и инвестицискиот план ќе продолжи со поддршката за развој на дигитални вештини, е-влада, е-набавки и е-здравствени услуги со што ќе придонесе за доброто владеење.

**8.** Развојот на приватниот сектор е од суштинско значење за целокупниот социоекономски развој и регионалната интеграција, како и за подобрување на конкурентноста на регионот и создавањето нови работни места. Со цел да го ослободи потенцијалот на приватниот сектор, ЕУ преку Економскиот и инвестициски план, но и преку сродните алатки и стратегиски документи ќе го зголеми финансирањето на бизнисите.

**9.** Добриот и функционален пазар на труд, како и добро обучена и продуктивна работна сила се клучни за една флексибилна економија. Притоа, праведноста и инклузивноста се важни за да се гарантира дека придобивките од закрепнувањето и растот се споделуваат со сите. Поддршка ќе биде укажана на поширокото вклучување на граѓанското општество и приватниот сектор преку охрабрување на иновативни решенија, промовирање на социјалното претприемништво за справување со социјалните предизвици.

**10.** Економскиот и инвестициски план предвидува десет ударни иницијативи преку кои се утврдуваат приоритетите за финансирање, а се реализираат и целите на Европскиот зелен договор и Зелената агенда за Западниот Балкан.

Ударни иницијативи на Економскиот и инвестициски план и приоритетни проекти поврзани со Република Северна Македонија:

1. **ПОВРЗУВАЊЕ ИСТОК-ЗАПАД** (*предвидено дека ќе заврши или ќе покаже напредок до крајот на 2024 година*) - Железнички коридор VIII од Скопје до границата со Република Бугарија;

2. **ПОВРЗУВАЊЕ СЕВЕР-ЈУГ**

3. **ПОВРЗУВАЊЕ НА КРАЈБРЕЖНИТЕ РЕГИОНИ**

4. **ОБНОВЛИВА ЕНЕРГИЈА** – Парк на ветерници и соларен парк во Република Северна Македонија

5. **ТРАНЗИЦИЈА ОД ЈАГЛЕН** – Интер конектор помеѓу Косово и Северна Македонија за природен гас

6. **БРАН РЕКОНСТРУКЦИИ**

7. **ОТПАД И УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДНИ ВОДИ** – Комплетирање на изградбата на станицата за третман на отпадни води во Скопје, односно Интегриран систем за регионално управување со отпад

8. **ДИГИТАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА** – Национална широкопојасна инфраструктура

9. **ВЛОЖУВАЊЕ ВО КОНКУРЕНТНОСТА НА ПРИВАТНИОТ СЕКТОР**

10. **МЛАДИНСКА ГАРАНЦИЈА**

Во рамките на Економскиот и инвестициски план, а во различните ударни иницијативи програмирани се 17 проекти каде како директен корисник се јавува и Република Северна Македонија. Вкупна вредност на проектите изнесува 1,83 милијарди евра.

Кај 12 од планираните проекти, Република Северна Македонија ќе биде единствен корисник. Притоа, за овие проекти се наменети 900,5 милиони евра, што претставува половина од вкупно наменетите пари за државава. За имплементацијата на овие 12 проекти, каде што Северна Македонија е единствен корисник, Владата ветила дека ќе обезбеди национално финансиско учество во износ од 34,1 милион евра.

Осум од предвидените проекти во кои директен и единствен корисник е Република Северна Македонија се финансирани, или управувани преку Инвестициската рамка за Западен Балкан, додека по два проекти се финансирани од Европската банка за обнова и развој и Европската инвестициона банка.

Осумте проекти кои се финансирани/управувани преку Инвестициската рамка за Западен Балкан се со вкупна вредност од 671,7 милиони евра. Притоа, 94,1 милион евра или 15% се неповратни средства – грантови, додека 498,4 милиони евра или 74% се заеми кои државата ќе треба да ги врати.

Преглед на вкупна вредност на проекти преку национална компонента




Преглед на националното учество во проектите од националната компонента



Најголемиот проект, според вредноста **(283,47 милиони евра)**, припаѓа на првата ударна иницијатива, Поврзување Исток–Запад, со кој ќе биде направено железничко поврзување помеѓу Скопје и границата со Република Бугарија, во рамките на коридорот VIII.

Проектот ќе придонесе за олеснување на меѓународна трговија и транспортот во регионот; подобрување на железничкиот сообраќај што ќе предизвика за преминување кон истиот; намалена потрошувачка на енергија; намалување на емисиите; економски развој во североисточниот дел од државата; и социјална интеграција.

| Извор на финансирање | Тип на финансирање | Код/Име на проектот | Износ |
|---|---|---|---|
| Инвестициска рамка за Западен Балкан WBIF | Грант | WB5-MKD-TRA-01 | € 1,500,000 |
| Европска банка за обнова и развој EBRD | Заем | | € 46,400,000 |
| Инвестициска рамка за Западен Балкан WBIF | Грант | WB7-MKD-TRA-03 | € 2,638,000 |
| Европска банка за обнова и развој EBRD | Заем | | € 145,000,000 |
| Инвестициска рамка за Западен Балкан WBIF | Грант | WB11-MKD-TRA-01 | € 2,880,000 |
| Инвестициска рамка за Западен Балкан WBIF | Грант | WB7-MKD-TRA-02 | € 2,646,000 |
| Сопствено учество | | | € 8,831,000 |
| Италија | Грант | | € 525,000 |
| Сопствено учество Бељаковце – Крива Паланка | | | € 1,000,000 |
| Инвестициска рамка за Западен Балкан WBIF | Грант | WB-IG02-MKD-TRA-01 | € 68,626,131 |
| Европска банка за обнова и развој EBRD | Грант | | € 3,430,185 |
| | | **Вкупно** | **€ 283,476,316** |

## КОРИСНИ ЛИНКОВИ:

**Економски и инвестициски план:**

https://bit.ly/3xzgSTG

**Проекти од Инвестициската рамка за Западен Балкан:**

https://wbif.eu/wbif-projects

**Генерален директорат за проширување:**

https://bit.ly/31agnDO

„Овој брифинг документ е изработен во рамки на проектот „ЕУ опсерваторија – поглавје 27“ финансиски поддржан од Фондацијата Отворено општество – Македонија. Содржината е единствена одговорност на авторите, и на ниту еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата и ставовите на Фондацијата Отворено општество – Македонија.“

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

PRESPA ПРЕСПА ИНСТИТУТ INSTITUTE